Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 275/2022

Дата: 24-02-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

### за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Охрид се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 1189, КП 1190 и КП 1191, КО Елшани, Општина Охрид.**

Вкупнана површина на предметниот опфат изнесува 0,19 Ха.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y37521** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изградба на семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 1189, КП 1190 и КП 1191, КО Елшани, Општина Охрид, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 1189, КП 1190 и КП 1191, КО Елшани, Општина Охрид, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од обласата на заштитна на животната средина и подзаконски акти донесени врз нива основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 1189, КП 1190 и КП 1191, КО Елшани, Општина Охрид, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Охрид, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 40131 од 24.12.2021 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Условите за планирање на просторот за изградба на семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 1189, КП 1190 и КП 1191, КО Елшани, Општина Охрид.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 1189, КП 1190 и КП 1191, КО Елшани, Општина Охрид и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 275/2022 од 15.02.2022 година.

Условите за планирање на просторот **за изградба на семејни куќи за времен престој – викенд куќи на КП 1189, КП 1190 и КП 1191, КО Елшани, Општина Охрид** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска